HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITEŢI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЈУНИ - АВГУСТ 2015

## СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

- Јавното обвинителство во Република Македонија не е независно
- Бегалците - жртви на нехуман третман и криминал од омраза

ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

- Обвинителството не истражува случаи на тортура
- Вработување на 600 нови полицајци во Министерството за внатрешни работи

СУДСКИ СЛУЧАИ

- Случај „Ровер“

ПОВРЕДИ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Сè уште нема правда за Тамара

СЕПТЕМВРИ 2015

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НЕ Е НЕЗАВИСНО

Од почетокот на 2015 година опозицијата започна со објавување на разговори меѓу високи претставници на Владата, вклучително и на премиерот Никола Груевски и изнесе информации дека од страна на власта биле прислушувани над 20 000 граѓани, вклучително и новинари, активисти за човекови права и претставници на граѓански организации. Ваквиот чин на масовно преслушување претставува прекршување на човековите права од највисок степен и апсолутна злоупотреба на можноста за следење на комуникациите, со што се загрозува владеењето на правото во државата.

Од разговорите објавени во медиумите се потврдија и констатациите кои Хелсиншкиот комитет години station наназад ги даваше за партизираноста на судството во Република Македонија, за непочитувањето на принципот на владеење на правото и непостоењето на поделба на власта. Дел од објавените разговори се однесуваа и на судството и на начинот како извршната власт влијае врз изборот на судии и јавни обвинители, но и како договара одлуки за одредени судски случаи. Дополнително, објавените разговори даваат индикации за поврзаност на извршната власт со јавниот обвинител на Република Македонија. Ваквите разговори не се спорни единствено од аспект на состојбата со судството, туку и од аспект на темелните права на граѓаните, особено правото на приватност, доколку се потврдат наводите дека незаконски биле следени повеќе од 20.000 граѓани на Република Македонија.

Злоупотребата на овластувањата од страна на УБК и користење на системот за прислушување за целите на партијата на власт е констатирана и во извештајот на експертската група на Европската комисија, што нотира сериозни недостатоци во пет области: следење на комуникациите, надворешен надзор од независни тела, правосудство, избори и медиуми. Во делот на судството се констатира дека постои селективен пристап и политичко влијание во сите аспекти – од моментот на избор на судиите и јавните обвинители, судските постапки, оценувањето на судиите, разрешувањето на судиите, функционирањето на Судскиот совет, транспарентноста на изборот и разрешувањето на судиите, функционирањето на системот за распределба на предмети.

Во делот на комуникациите се констатира непочитување на професионалната етика, основните принципи на ризично управување и недостиг на познавање на чувствителноста на разузнавачките задачи во рамките на УБК. Исто така, предмет на загриженост е и очигледниот недостиг на обучена служба за основните права и правилата за заштита на податоците, но и неинформирањето на јавноста за текот на постапките. Јавното обвинителство, согласно член 8 од Законот за јавното обвинителство, е должно да ја информира јавноста за одделни случаи по кои

постапува, особено ако се од таква природа што предизвикуваат поширок општ интерес во јавноста или се од значење за остварување на функцијата на јавното обвинителство заради заштита од криминални или други противзаконски дејства. Фактот што јавното обвинителство и по шест месеци не успеа да поведе истрага за содржината на објавените разговори, ја потврдува неефикасноста на јавното обвинителство за заштита на јавниот интерес и неможноста да покаже независност наспроти влијанието на извршната власт.

Јавното обвинителство на случајот му приоѓа исклучиво еднострано, односно ја истражува само тезата претставена од Владата на РМ, дека снимките биле противправно прибавени и изработени од страна на странски служби, со помош на поединечни лица вработени во Министерството за внатрешни работи. Јавното обвинителство воопшто не ја разгледува можноста тие да биле прибавени преку злоупотреба на овластувањата на државните безбедносни служби и злоупотреба на целокупниот безбедносен систем во државата. Притоа, оваа можност не ја разгледуваат ниту механизмите за контрола врз работењето на државните безбедносни служби. Во случајот „RADIO TWIST A.S. v. SLOVAKIA“, кој се водеше пред Европскиот суд за човекови права, словачките надлежни органи исто така не ја испитале таа можност. Судот најде дека тоа е „мошне изненадувачки, со оглед на фактот дека снимката се однесува на телефонски разговор помеѓу двајца високи функционери и дека сомневањето оти снимката е прибавена преку злоупотреба на овластување не треба да биде однапред отфрлено“. Со други зборови, државата може да истражува во која сака насока, но не смее однапред и безрезервно да го прифати ставот на безбедносните служби дека постапуваат исклучиво согласно своите овластувања и дека не ги пречекориле во случај кога постојат очигледни индиции за тоа.

## БЕГАЛЦИТЕ - ЖРТВИ НА НЕХУМАН ТРЕТМАН И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

На 19 август 2015 година, Владата на Република Македонија усвои одлука за прогласување на кризна состојба на јужната и северната граница на државата, а во врска со поголемиот наплив на бегалци во државата. Вклучувањето на АРМ без за тоа да се произнесе Претседателот Ѓорѓе Иванов како Врховен командант на вооружените сили, молкот на Собранието (кое мора да биде информирано) и Центарот за управување со кризи (повикан орган што ги направи проценките за прогласување на кризна состојба) ја доведоа до прашање законитоста на мерката прогласување на кризна состојба.

Од објавените медиумски материјали,[1]и непосредното забележување на претставници на Хелсиншкиот комитет кои беа присутни на јужната граница можеше да се увиди нехуманиот третман кон бегалците од страна на специјалните полициски службеници кои употребија мерки на присила, користејќи солзавец и шок бомби.

[1]http://www.makdenes.org/media/video/27200964.html

Според активистите и волонтерите на јужната и северната граница, оние кои ја донеле одлуката за прогласување на кризна состојба никогаш не се појавиле на терен и го немаат потребниот увид за донесување на таква одлука. Попрецизно, никој од Центарот за управување со кризи не се појавил на граничните премини во Гевгелија и Табановце и не разговарал со активистите кои работат на терен. Значајно е да се напомене дека од страна на Република Македонија не се преземаат доволен број на мерки за справување со бегалската криза, односно по измените на Законот за азил, од страна на државата се обезбедуваат само мал број на олеснувања и грижа за бегалците. Во периодот јуни – август 2015 година, Хелсиншкиот комитет на својот портал www.zlostorstvaodomraza.mk регистрираше 8 инциденти сторени од омраза против бегалците. 3 од овие инциденти се случија во Куманово и околината, а 5 во Гевгелија и околината. Во сите инциденти беа нападнати и ограбени бегалци во близина на јужната и северната граница. Специфичен пример за таргетирањето токму на оваа маргинализирана група е обидот за разбојништво над македонски граѓани за кои сторителите помислиле дека се бегалци, но штом слушнале дека зборуваат македонски им го вратиле украдениот ранец.

Потсетуваме дека овие луѓе бегаат од своите родни места, заради ужасните политички состојби во нивните земји, односно бегаат за да ги спасат своите животи и животите на нивните блиски. Нехуманото постапување од страна специјалните полициски службеници, но и ксенофобичниот говор и говорот на омраза кој се шири по социјалните мрежи, а го поттикнуваат некои јавни личности придонесува кон дополнително загрозување на животите на бегалците и надвор од нивните родни места.

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ОБВИНИТЕЛСТВОТО НЕ ИСТРАЖУВА СЛУЧАИ НА ТОРТУРА

Во текот на месец јули 2015г., Европскиот суд за човекови права донесе уште една пресуда– *Андоновски против Македонија* (Жалба бр. 24312/10) преку која беше утврдено дека Македонија ја повредила Конвенцијата за човекови права затоа што не обезбедува заштита од тортура и несоодветно и неефективно се справува со случаите на тортура на нејзина територија. Од почетокот на 2015г., оваа е трета по ред ваква пресуда против Македонија. Останатите две одлуки се *Китановски против Македонија* (Жалба бр. 15191/12) од јануари 2015г. и *Илиевска против Македонија* (Жалба бр. 20136/11) од мај 2015г.

Во случајот *Андоновски против Македонија*, кој се однесува на хирург од Куманово кој бил претепан од страна на полицијата по што се здобил со многубројни физички повреди. И покрај тоа што тој за случајот поднел кривична пријава, Основното јавно обвинителство Куманово ја отфрлило поради наводно немање на доволно докази. И покрај тоа што г. Андоновски потоа поднел приватна тужба, судовите обрнале малку внимание на неговиот случај завршил со наводно повлекување на неговата тужба по што тој морал да ги плати сите трошоци на постапката. Европскиот суд заклучил дека

државата не можела да ја оправда прекумерната и неоправдана сила употребена од страна на полицијата, а со оглед на фактот што обвинителството одбило да гони повреден бил Член 3 (заштита од тортура) од Европската конвенција. Во овој случај Македонија беше казнета со 15,000 ЕУР оштета за жалителот.

Во случајот *Китановски против Македонија*, станува збор за жртва на полициска тортура. Врз жртвата бил отворен оган по што тој бил брутално претепан бидејќи одбил да застане за време на сообраќајна контрола. По поднесување на кривична пријава од страна на МВР против г. Китановски, тој бил осуден, но неговата кривична пријава против полицајците воопшто не била процесирана од страна на Основното јавно обвинителство Скопје. Европскиот суд заклучи дека обвинителството не ги презело сите истражни мерки и не направило никаков обид да го испраша жалителот, полицајците или кое било друго лице кое можело да обезбеди релевантни информации во насока на расветлување на фактите на случајот. Во овој случај Македонија беше казнета со 10,000 ЕУР оштета за жалителот.

Во случајот *Илиевска против Македонија*, повторно станува збор за жртва на полициска бруталност над г-ѓа Илиевска за време на нејзиниот спровод од Крива Паланка до Психијатриската болница во Бардовци. Како и во претходните случаи, жалителката поднела кривина пријава против полицајците, но таа била отфрлена од страна на Основното јавно обвинителство Крива Паланка, по што жалителката поднела приватна тужба по која судот се изјаснил дека немало доволно докази против полицајците. Во овој случај Македонија беше казнета со 5,000 ЕУР оштета за жалителката.

И покрај тоа што овие настани се случиле помеѓу 2004 и 2009 година, Хелсиншкиот комитет во последните 3 години има регистрирано дузина слични случаи кои се слични на опишаните настани и за кои обвинителството не спроведува ефективна истрага. Такви примери се тортурата врз тројца притвореници од Албанија кои беа врзани со лисици за радијатори,[2] претепаниот притвореник кому му било наредено да се соблече гол во тоалетот на притворот,[3] брутално нападнатиот граѓанин на улица во Охрид од страна на полицијата,[4] осуденото лице кое по напад на затворски полицаец изгуби еден бубрег и слезинката,[5] нападот на голем број полициски сили против граѓани од Ромската заедница во населбата Топаана,[6]Претепувањето на невино момче во Полициската станица во Демир Хисар,[7] тепањето на малолетни деца Роми од страна на Полициската единица „Алфа“,[8] врзувањето со јаже на малолетниот Леон

---

[2]Хелсиншки комитет, Квартален извештај (октомври - декември 2012): http://www.mhc.org.mk/reports/99
[3]Хелсиншки комитет, Месечен извештај – март 2013: http://www.mhc.org.mk/reports/124
[4]Хелсиншки комитет, Квартален извештај (април - јуни 2013): http://www.mhc.org.mk/reports/145
[5]*Ibid*
[6]*Ibid*
[7]Хелсиншки комитет, Двомесечен извештај (јули - август 2013): http://www.mhc.org.mk/reports/149
[8]Хелсиншки комитет, Двомесечен извештај (април - мај 2014): http://www.mhc.org.mk/reports/219

погрешно сместен во психијатриска установа,[9] употребата на загадена вода во Затворот Куманово[10] итн.

Особено загрижувачки е фактот што јавното обвинителство не постапуваше по допрен глас за пречекорувањето на полициските овластувања и употребата на прекумерна употреба на сила врз демонстрантите од протестот од 5 мај одржан пред Владата на Република Македонија. Според информациите дадени во јавноста, обвинителството засега постапува единствено по кривичната пријава поднесена од страна на Либерално демократската партија за настанот во библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје кога вооружени лица вработени во МВР - Единицата за брзо распоредување влегле во библиотеката „Браќа Миладиновци“ во Скопје и без никаков повод и причина ги нападнале вербално, а дел и физички присутните студенти, а од нив под присила барале и да признаат дека биле демонстранти.

Хелсиншкиот комитет упатува порака до властите да спроведат политика на нулта толеранција за акти на тортура од страна на службени лица. Пасивноста на јавното обвинителство во случаи на тортура, особено кога се врши од страна на полициските службеници доведува до недоверба на граѓаните во правосудниот систем и непријавување на ваквите дела до  Крајно време е за соочување со феноменот на неказнивост и солидаризирање на Јавното обвинителство и судството со полицијата.
Главниот фокус мора да се насочи кон жртвите на тортура за кои државата се уште не обезбедува соодветна правна, медицинска, психолошка и социјална поддршка. За постигнување на оваа цел, Комитетот апелира најитно да се имплементира ЕУ Директивата 2012/29 за воспоставување на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал.

## ВРАБОТУВАЊЕ НА 600 НОВИ ПОЛИЦАЈЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

На 10 јули 2015 г., МВР објави оглас за вработување на 652 извршители, од кои 600 на работно место „Полицаец“. Огласот следува по огласите за вработување на 300 полицајци во 2012 и 400 полицајци во 2013 г. Според тоа, за 3 години, МВР ќе се јави како работодавач на нови 1.300 полицајци. Во ноември 2013 г. Хелсиншкиот комитет до МВР испрати барање на информации за вкупниот број на вработени лица во Министерството. Според одговорот, тој број изнесува 10.755 од кои 6.579 се униформирани полициски службеници, а останатите вработени се неуниформирани, овластени лица, државни службеници и технички персонал.

Имајќи предвид дека овие податоци се однесуваат на бројот на вработени пред потпишување на договорите за вработување со кадетите од огласите објавени во 2012

[9]Хелсиншки комитет, Месечен извештај - јуни 2014 година: http://www.mhc.org.mk/reports/237
[10]http://www.mhc.org.mk/announcements/254.

и 2013 г., бројот на униформирани полицајци во Република Македонија изнесува максимум 7.297 (реалната бројка е најверојатно малку помала, имајќи предвид дека дел од полицајците во изминатата година и пол го исполниле условот за пензионирање). Доколку на оваа бројка се додадат новопредвидените 600 полицајци, вкупниот број на вработени во МВР ќе надмине 11.000, а бројот на униформирани полицајци ќе биде околу 7.900.

Овие бројки доведуваат до заклучок дека МВР е најголемиот работодавач во Македонија и дека на секои 100.000 жители ангажирани би биле приближно 395 полицајци (според пописот од 2002 година). Според истражување на Обединетите нации, просечниот број на овој сооднос во светот е 300.[11] Што се однесува на вкупниот број на вработени во МВР, според статистиката на Еуростат, македонското МВР се наоѓа на трето место по број на вработени.[12] Статистиката се однесува на 38 европски држави, а повеќе вработени има единствено во Кипар и Црна Гора.

Особено загрижува фактот што при објавување на огласите МВР не нуди никакво образложение која е потребата од зголемување на и така преголемиот број на вработени. Дополнително, граѓаните не се известени за финансиските импликации од овие вработувања кои во голема мера го оптоваруваат државниот буџет. МВР, покрај тоа што не се консултира со заедницата, не постапува ниту согласно Стратегијата за реформи на полицијата на Владата на РМ од 2003 година и нејзиниот Анекс од 2004 година преку кој се предвиде намалување на бројот на вработени на 7.200 лица, од кои 6.000 би биле униформирани полициски службеници.

Сето ова, заедно со незадоволителниот 12 месечен тренинг на кадетите кој не е доволен и е главно насочен кон совладување на теоретски знаење, укажува на крајна политизација и партизација на МВР. Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет го повика МВР да го повлече објавениот оглас и наместо на квантитет и вработување на партиски кадри да се посвети на професионализација на полицијата и бројот на вработени да го усогласи со бројките предвидени во Стратегијата за реформи на полицијата. И покрај повикот, на 4 август 2015 година, МВР објави дека на огласот се пријавиле над 2,600 кандидати со што започна официјалната селекција на новите полицајци.

# СУДСТВО

## СЛУЧАЈ "РОВЕР„

Хелсиншкиот комитет повеќе пати ја известуваше јавноста за пропустите во судската постапка за случајот „Ровер“, особено во делот на заштитениот сведок, пречекорување

[11]UN: TwelfthUnited Nations Congresson Crime Prevention andCriminal Justice, Salvador, Brazil, 12-19 April 2010, State of crime and criminal justice worldwide,стр. 19.
[12]EUROSTAT: File:Police officers, average per year, 2007–09 and 2010–12 (per 100 000 inhabitants).

на роковите за изготвување на судските одлуки, должината на траењето на притворот. Случајот „Ровер“ започна во декември 2012 година и се уште не е завршен, особено поради фактот што Апелациониот суд Скопје два пати ја укинува првостепената пресуда и предметот го враќа на повторно судење пред Основниот суд Скопје 1. Во решенијата со кои се укинува првостепената пресуда е наведено дека изреката на пресудата не е доволно јасна и разбирлива, а во образложението не се содржани доволно причини за решителните факти.

Апелациониот суд Скопје го укина и притворот за четворица од обвинетите, а согласно член 207 став 2 точка 2 од Законот за кривична постапка, наведувајќи дека по подигнување на обвинението притворот може да трае најмногу 2 години за кривични дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор. Земајќи предвид дека обвинетите се во притвор подолго од 2 години, судот го укинал притворот и определил обврска обвинетите да се јавуваат во судот еднаш неделно како превентивна мерка за нивно обезбедување.

Основниот суд Скопје 1 Скопје има различна пракса од ваквата одлука на Апелциониот суд Скопје, која е донесена согласно стариот Закон за кривичната постапка. Според основниот суд Скопје 1 Скопје како притвор не се смета периодот помеѓу објавувањето на првостепена пресуда и нејзиното евентуално укинување од Апелациониот суд, како што беше случај во предметот „Ровер“. Според Судот, по завршувањето на главната расправа и објавувањето на првостепената неправосилна пресуда притворот е определен под друг основ, согласно член 371 ст. 6 и 7, може да трае до започнување со издржување со казната, односно правосилноста на пресудата. Сепак, ваквиот аргумент и пракса не ги следи Основниот суд во Штип. Имено, во предметот К.бр. 224/12, во кој на обвинетиот му се судело за кривично дело за кое не е предвидено доживотен затвор, обвинетиот бил ослободен по истекот на една година, со образложение дека е изминат максималниот рок во кој едно лице може да се држи во притвор. Како и во предметот „Ровер“, така и во К.бр. 224/12 на Основниот суд Штип била објавена пресуда која подоцна била укината од Апелациониот суд Штип.

Потсетуваме дека Европската конвенција за човекови права ги гарантира минималните стандарди за заштита на човековите права што државите членки на Советот на Европа мораат да ги исполнат. Тоа во никој случај не ги спречува државите членки преку домашното законодавство да обезбедат и повисоки стандарди за заштита на човековите права. Впрочем, повисокиот стандард на заштита е обезбеден преку нашиот Закон за кривичната постапка кој јасно и прецизно утврдува дека должината на притворот по подигнувањето на обвинението не смее да го надмине максималниот рок од две години. Поради тоа, го повикуваме Основниот суд Скопје 1 да ја преиспита својата пракса и да ја почитува одлуката на законодавецот, должината на притворот да се ограничи на максимални една, односно две години во зависност од кривичното дело.

## ПОВРЕДА НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## СЕ УШТЕ НЕМА ПРАВДА ЗА ТАМАРА

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија постојано известува за случајот на Тамара Димовска, која поради неефиксност на институциите да и обезбедат здравствена заштита почина на 09.02.2015 година. Хелсиншкиот комитет за човекови права изготви и поднесе кривични пријави против одговорните, а поради сомневање за сторување на кривични дела од членовите 353 став 1 и 2 од КЗ на Република Македонија, односно злоупотреба на службена должност и членот 353-в став 1 и 2 од КЗ на Република Македонија, односно несовесно работење во службата.

Поради фактот што од денот на поднесување на кривичната пријава изминаа повеќе од 3 месеци, а од Основното јавно обвинителство Скопје немавме добиено известување за причините за одолговлекувањето на постапката, што е спротивмо на член 275 од Законот за кривична постапка, Хелсиншкиот комитет и мајката на Тамара - Жаклина Димовска поднесоа барање до Вишото Јавно Обвинителство Скопје. Од Вишото јавно беше побарано да спроведе надзор над работата на ОЈО Скопје и постапувањето по наведениот конкретен предмет за да се утврди кои се причините за одолговлекувањето на постапката. Дополнително, од ВЈО Скопје беше побарано да го преземе кривичното гонење во овој случај, а согласно член 26 ст.1 од истиот закон, доколку смета дека Основното јавно обвинителство Скопје ненавремено ја води постапката.

На 20.08.2015 година, Вишото јавно обвинителство Скопје се произнесе по барањето за спроведување надзор над работата на Основното јавно обвинителство Скопје, од кое може да се дојде до заклучок дека постапката се одолговлекува затоа што Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија Скопје се уште нема постапено по издадена наредба од јавниот обвинетел за изготвување на вештачење за утврдување на причинско-последичната врска меѓу бронхопнеумонијата, како утврдена причина за смртта на детето Тамара Димовска со заболувањето на детето изразено како тежок деформитет на 'рбетниот столб.

Хелсиншкиот комитет смета дека Основното јавно обвинителство Скопје треба да преземе мерки во рамки на неговите надлежности и да му наложи на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија Скопје, да постапи по наредбата за вештачење издадена од надлежниот јавен обвинител, а со цел непречено да продолжи истрагата.